**Здружение за унапредување и заштита на правата на работниците ДОСТОИНСТВЕН РАБОТНИК**
Адреса. Ѓорче Петров бр.51, Прилеп, Р.С.Македонија
Блог.www.zdr-adw.weebly.com
е-маил. zdr.adw15@yahoo.com
тел.+38974235854,+38948612535

**Association for promotion and protection of workers` rights DECENT WORKER**
Address: Gjorche Petrov no.51, Prilep, R.N.Macedonia
Blog. www.zdr-adw.weebly.com
e-mail. zdr.adw15@yahoo.com
phone.+38974235854, +38948612535

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# за реализирани активности на Здружение Достоинствен Работник
# во текот на 2020 година

## Резиме

Главната цел на здружението е да ги промовира, унапредува и да ги заштити правата на работниците согласно со Стратегискиот план 2018-2021, Програмата за работа 2019-2021 и законските регулативи. Основната цел на здружение Достоинствен Работник е унапредување на можностите на жените и мажите за добивање пристојна и продуктивна работа во услови на слобода, еднаквост, сигурност и човечко достоинство.

## *Визија*

Работниците во нашето општество да ги уживаат своите права, заработуваат за квалитетен и достоинствен живот и имаат олеснат пристап до правда.

## *Мисија*

Здружението ДОСТОИНСТВЕН РАБОТНИК е респектабилен партнер, кој работи на едукација за работничките права и нивна заштита, поттикнување на солидарност и мотивација со цел унапредување на статусот на работниците во заедницата.

Активностите на здружението ќе се насочуваат кон унапредување на правата на работното место, поттикнување на можностите за достоинствено вработување, подобрување на социјалната правда и зајакнување на социјалниот дијалог на национално и локално ниво.
Потребно е синдикатите, медиумите и граѓанските организации да бидат повеќе присутни во јавноста и на тој начин да лобираат за поефикасни механизми за заштита на работниците и на жртвите на експлоатација на национално и локално ниво.

Позицијата на здружението Достоинствен Работник и натаму останува како непартиско, непрофитно и демократско здружение во интерес на работниците во Република Северна Македонија.

На крајот би сакале да им се заблагодариме на сите наши членови, волонтери, поддржувачи кои ни даваа континуирана поддршка во текот на годината. Исто така благодарност и до донаторите и партнерите со кои соработувавме и кој ја поддржаа нашата работа, а на тој начин овозможија идеите да се реализираат.

Не чека многу работа во унапредувањето на работничките права.

Од тој аспект би сакале да ги потенцираме следните проекти во тековната 2020 година кои се дел од развојот на организацијата во интерес на членовите и работниците, и тоа:




1. **Проект: „Социо-економски ефекти од Ковид-19, национален и локален одговор за заштита на работниците од неформалната економија од општина Прилеп“**
   Донор: Фондација Отворено општество - Македонија
   Временски период: 01.06.2020 – 01.06.2021
   Буџет: 1.351.278,00 мкд

<u>Извршно резиме</u>

Превземените активности ќе бидат во насока на давање реална слика за состојбата на работниците во неформалната економија во Општина Прилеп кои се соочуваат со економска нестабилност и неефикасност за време на епидемијата Ковид 19. Во соработка со партнерската тинк-тенк организација Аналитика од Скопје ќе направиме анализа и утврдување на социо-економските мерки кои веќе се донесени од Владата колку реално ќе бидат во корист на работниците во неформалната економија, и да се предложат нови мерки кои ќе бидат насочени директно кон оваа категорија на работници.

Цел:
Обезбедување на проактивна социо-економска анализа, едукација, солидарност и заштита на работниците од неформалната економија (домашни работници, културни работници и работниците во угостителството) во општина Прилеп во справување со корона вирусот Ковид 19.

Резултати:
Р.1. Обезбедена советодавна и хуманитарна помош и безбедност и здравје при работа за загрозени групи на работници од неформалната економија за имлементација на безбедност и здравје при работа во случај на вонредна состојба.
Р.2 Зајакнати капацитети на работниците во неформалната економија и подобрена соработка и координација помеѓу граѓанските организации, државните и локалните институции во справување со последиците од пандемијата Ковид 19.
Р.3. Зголемена информираност за заштита на човековите права и ризикот од стеснување за граѓанските слободи за време на епидемија и вонредната состојба.

Активности:
А1. Формирање и промовирање на СОС линија за советодавна помош и поддршка на работниците од неформалната економија кои немаат можност за искористување на мерките на Владата за финансиска помош за време на криза;
А2. Одржување на едукативни работилници;
А3. Online информирање за заштита на правата на работниците за време на епидемија и вонредна состојба;

А4. Изработка и дистрибуција на новинарска видео сторија за состојбата на работниците во неформалната економија во Прилеп за време епидемија и вонредна состојба;
А5. Набавка и дистрибуција на хуманитарна и санитарна помош за работници од неформалната економија;
А6. Дадена директна правна помош за работниците од неформалната економија;
А7. Подготовка и дистрибуција на пропаганден материјал (флаер, постер);
А8. Подготовка и дистрибуција на Прирачник за заштита на правата на работниците во неформалната економија и нивно вклучување во институционалниот систем во согласност со законските регулативи во РСМ за време на криза.




2. Проект: **„Унапредување и одржување правични и продуктивни работни средини за развој на локалната заедница“**

Донор: Цивика Мобилитас
Временски период: 01.12.2020-01.06.2021
Буџет: 329.100,00 ден

<u>Извршно резиме</u>

Проблемот на пазарот на трудот изразен во форма на несоодветно квалификувани работници според потребите, кој би влијаел на идниот економски раст преку создавање на бариери за претпријатијата креира јаз со кој ќе биде тешко да се пополнат работни места кои се високо побарувани, бидејќи динамичноста на економијата ќе бара соодветно формално образование и дополнителни обуки. Недоволниот број на квалификувани работници според потребите, во услови на пандемија кога нема доволна понуда на работници со соодветни вештини, е една од пречките за раст на стапката на вработување. Значи, ограничен пазар на работна сила, за работодавачите, води до побавен раст на стапката на вработување, и води до зголемени барања за иновативни начини на кои би се зголемила соодветноста и продуктивноста на работата сила. Според податоците објавени на Агенцијата за вработување на национално ниво, за слободните работни места, работодавачите се изјасниле дека се соочиле со одредени потешкотии при пополнување на работните места: не можат да се обезбедат работници со соодветно занимање, немање доволно работно искуство, немање на знаења и вештини за извршување на работните задачи кои ги побарува работното место. Усогласувањете на потребите во локалната заедница би можело да има значаен ефект и врз локалниот економски развој за што е потребен координиран пристап за унапредување на образовниот систем и програмите на средните стручни училишта да одговорат на предизвиците со кои се соочуваат компаниите и предвидување на идните потреби за надминување на неусогласеноста на побарувачката на работна сила со образовниот систем.

Општа цел

Да се создадат пристојни работни места за младите лица до 29 години и нивно активно вклучување во пазарот на трудот на локално ниво од страна на работодавачите.

Специфични цели

1.Да се подобрат условите во инвестициската политика на локалната заедница, развој на претпријатијата, образованието и активните политики на пазарот на трудот од страна на општината.

2.Да се зголеми свесноста за предностите и предизвиците на социјалното претприемништво кај младите лица од средните технички училишта.

Активности.

1.да се организираат две работилници за јакнење на капацитетите на Економскиот совет при општина Прилеп;

1.1 да се воспостави директна комуникација и соработка меѓу локалниот бизнис сектор и техничките училишта со поддршка од локалната самоуправа со можност за посета на успешни прилепски компании од страна на учениците од средните училишта;

1.2 да се подготви Програма за развој на економијата во Прилеп од страна на општина Прилеп во соработка со Секторот за Локален економски развој и Економскиот факултет;

1.3 да се организира Јавна дебата за влијанието на локалната економија врз развојот на пристојни работни места во општината во соработка со Економскиот факултет и Друштвото за наука и уметност од Прилеп;

1.4 да се иницира формирање на Локален економско-социјален совет при општина Прилеп со поддршка од граѓанските организации, медиумите и синдикатите од локалната заедница.

2. да се организираат две работилници за кариерно советување;

2.1 да се организира тркалезна маса со професорите од Центрите за кариерно советување за предностите и можностите на социјалното претприемништво;

2.2 да се организираат 5 кафе-сесии со младински организации и Советот за млади за активно учество на младите во локалната заедница при донесување на одлуки.

3. да се подготви пропаганден материјал (постер, флаер, и сл.).

4. да се подготви Прирачник за кариерно советување и социјално претприемништво.

Резултати.

1.Зајакнати капацитетите на Економскиот совет при општина Прилеп;

1.1 Воспоставена директна комуникација и соработка меѓу локалниот бизнис сектор и техничките училишта во општина Прилеп за посета на успешни прилепски компании од страна на учениците;

1.2 Донесена Програма за развој на економијата од Секторот за Локален економски развој при општина Прилеп;

1.3 Организирана Јавна дебата со најмалку 30 претставници од различни организации и институции од локалната заедница за влијанието на локалната економија врз развојот на пристојни работни места;

1.4 Формиран Локален економско-социјален совет.

2. Организирани две работнилници за кариерно советување со најмалку 50 ученици од петте средни училишта во општина Прилеп;

2.1 Организирана тркалезна маса со 5 професори од петте средни училишта за предностите и можностите на социјалното претприемништво.
2.2 Организирани пет кафе-сесии со најмалку 15 млади од локалната заедница за активно учество во донесувањето на одлуки.
3.Подготвен и дистрибуиран пропаганден материјал до конституентите.
4. Подготвен и дистрибиран Прирачник до конституентите.




*„Човековите права не треба да се земаат здраво за готово. Залагањето за човекови права е работа во прогрес. Сите луѓе се родени еднакви во своите права.*
*Светот се уште работи на спроведување на Универзалната декларација за човекови права во пракса, и се чини дека на сите нас ни претстои уште многу работа.“*